ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 02-2681/3
01-04-2024

Врз основа на член 53 и член 56 точка 2 став 4 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, а согласно член 10 од Одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда од IV (четврта) емисија акции бр.02-2627/6 од 29.3.2024 година донесена од Собрание на акционери на Банката, Надзорниот одбор на Банката, на ден 1.4.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда од IV (четврта) емисија акции бр. 02-2627/6 од 29.3.2024 година**

**Член 1**

Во Одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда од IV (четврта) емисија акции бр. 02-2627/6 од 29.3.2024 година донесена од Собрание на акционери на Банката, се вршат следните измени:

1. Се менува членот 1 од наведената одлука и истиот гласи:

„Основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со ЕМБС 6121110 се зголемува со средства на Банката, преку распределба на дел од добивката на Банката за 2023 година и исплата на дивиденда во акции со издавање нова емисија на хартии од вредност по пат на приватна понуда, IV (четврта) емисија на обични акции.

Со оваа емисија се издаваат 67.587 обични акции.

Номиналната вредност по акција изнесува 1.000 денари.

Продажната цена по акција изнесува 1.000 денари.

Вкупната номинална вредност на оваа емисија на хартии од вредност е еднаква на вкупната продажна вредност и изнесува 67.587.000 денари.

Со оваа емисија, почетниот капитал (основната главнина) на Банката ќе се зголеми за 67.587.000 денари.

Вкупниот капитал на ТТК Банка АД Скопје по извршената IV (четврта) емисија на акции по пат на приватна понуда изнесува 1.033.173.000 денари и тоа 1.033.173 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари.“

2. Во член 5 став 3, бројот „32.439.732“ се заменува со бројот „32.444.033“.

**Член 2**

Сите останати одредби од Одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда од IV (четврта) емисија акции бр. 02-2627/6 од 29.3.2024 година донесена од Собрание на акционери на Банката остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување.

**Надзорен Одбор на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседател:**

**Бобан Гоговски** ____________________

**Членови:**

**Арсен Јаневски** ____________________

**Владо Камбовски** ____________________

**Драгица Јовановска** ____________________

**Трим Ќемали** ____________________

**Златко Черепналкоски** ____________________

**Евгенија Трпкоска** ____________________